*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
*НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **16.05. 2013 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 6** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе бр. 0701 – 438, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

**Бр. 0801- 447**
**16.05. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008)

# О Д Л У К А

## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ

## За 2013 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врШи измена на распоредот на средства во Буџетот на опШтина **СВЕТИ НИКОЛЕ**

За **2013** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **J40** | **ЈАВНА ЧИСТОТА** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 1,824,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JDA** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици, патиШта и автопати | -1,824,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на ОпШтина **СВЕТИ НИКОЛЕ** и станува составен дел на Буџетот на опШтината за **2013** година.

БР. 0701-438

**Претседател на Советот на Општина**
**СВЕТИ НИКОЛЕ**
**ИЛИЈА СТОИЛЕВ** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2013 година**

Се објавува Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2013 година бр. 0701 – 439, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

**Бр. 0801- 447/2**
**16.05. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев** ***с.р.***

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА ПРВИОТ КВАРТАЛ ЗА 2013 ГОДИНА

Општина Свети Николе во текот на првиот квартал од 01.01.2013 до 31.03.2013 година има реализација на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од **57.696.133,00 денари** или изразено во процент изнесува **22,31 %,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на Општина Свети Николе за првиот квартал има реализација од **17.589.764,00** денари или изразено во проценти изнесува **17,45%.** Следејќи ја историјата на базата на податоците за реализацијата во последните пет години мораме да напоменеме дека првиот квартал од 2013 годината е на ниво кое би требало да го има за овој квартал. Споредено со претходната година е речиси за **4,23%** повисок од процентот кој е остварен во првиот квартал на 2012. Со анализата која е направена во одделението за финансии и буџет констатирано е дека општината постепено ја зголемува својата ликвидност со тоа што се обидува да изврши исплата на заостанатите обврски кон коминтентите и се обидува да оствари максимално прибирање на приходите со што би се овозможило поголема финансиска сигурност. Според вкупните приходи општинскиот основен буџет има реализација во приходниот дел во вкупен износ од **17.727.064,00** денари, а од истите реализација на расходите во вкупен износ од **17.589.764,00** и салдо на 31.03.2013 во износ од **137.300,00** денари.

Од севкупните расходи на ставките 401 и 402 кои се однесуваат за исплата на плата, надоместоци и придонеси има потрошено **4.865.722,00,** а остатокот на средства се за исплата на обврските кои општината ги сервисира и е на повидок да се воведе максимална финансиска контрола и дисциплина во делот на исплатата на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени како реализација/план за овој прв квартал од 2013 се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати  и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени **30,02%** од вкупните расходи, а соодносот реализација/план е **20,52%**

- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци напаравени во државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува **0,21%** од вкупните трошоци или во денари изразено изнесува **37.200,00** денари, а  соодносот реализација/план е **5,33%**

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се **17,71%** од планираните трошоци или во денари изразено изнесува **2.659.783,00** денари, а во однос на вкупните трошоци е **15,12%**

- За материјали  и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување, одржувањето во детското одморалиште во Дојран  како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени како што се знаците за сигнализација лежечки полицајци и се она што е специфично како материјал кој има посебна намена и самиот износ за овие трошоци изнесува **1.892.394,00** или **43,37%** од планираните трошоци**,** во однос на вкупните трошоци реализирано  е **10,76%**

- За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од **583.430,00** денари или во проценти **15,62%** од планираното, во однос на вкупните трошоци реализирано е **3,32%**

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги  кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализирано **6,19%** од вкупните расходи, а реализирано  во однос на планирано е **18,38%**

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, чланарина во домашни и странски заедници има издвоено средства во износ од  **580.283,00** денари или **30,14%,** а во однос на вкупните расходи **3,30%**

- На ставките кои се однесуваат за исплатата  на невладини организации, здруженија на граѓани како и трансферите до спортски клубови и организации од невладин сектор  има остварување во овој прв квартал од годината во износ од  **290.000,00** денари или изразено во проценти **20,71%**, а во однос на вкупните расходи е **1,65%**

- За  разни трансфери има исплатено **274.284,00** денари и процентот изнесува **7,15%,** а во однос на вкупните расходи е **1,56%**

- Социјалните бенифиции кои се однесуваат на еднократна парична помош и награда за новороденчина изнесува  **226.500,00** денари или тоа изразено во процент изнесува  **23,84%,** а во однос на вкупните расходи е реализирано **1,29%**

- За купување на опрема и машини има исплатено износ **170.643,00** или **6,24%,** а во однос на вкупните расходи реализирано е **0,97%**

- За изградба и реконструкција на патишта улици и автопати има реализација во износ од **3.968.818,00** или процентуално изнесува **11,96%,** во однос на вкупните расходи реализацијата е **22,56%**

Во овој дел од образложението го имаме извршувањето на основниот Буџет на општина Свети Николе за прв квартал за 2013 година. Можеме да констатираме дека имаме мошне добра реализација и на приходите и на расходите со максимално остварување од **17,45%** .

Во делот за наменските дотации мора да се каже дека тие се реализирани во износ од **35.914.688,00** денари или изразено во проценти **26,35%.** Динамиката на реализација е на идеална страна. Мораме да напоменеме дека иако во 2013 година имаме поголем буџет на финансиски средства кои се трансферираат до локално ниво средствата не се доволни за сервисирање на сите потреби на буџетските корисници и општината работи на комплетна анализа за изнаоѓање на решение за овој проблем које непосредно проблем на сите нас како општина. Особено има проблем во делот на сервисирање на оперативните трошоци кои се иако минимални не можат комплетно да се извршат и исплатат од страна на буџетските корисници. Вкупната реализација на расходната страна на буџетските корисници изнесува **33.868.482,00** денари или изразено **25,85%** реализирано во однос на планирано.

Во делот за самофинансирачките активности имаме реализација и процентот изнесува **19,54** %. Динамиката на активностите кои се спроведуваат во делот на самофинансирачките активности се на задоволувачко ниво и се на многу на повисоко ниво на реализација споредено со претходната година .






Според погоре прикажаниот графикон може да се констатира дека Општина Свети Николе по соодветните програми се обидува максимално да ја извршува функцијата за соодветните политики во сите области кои ги има зацртано и предвидено за 2013 година.

Табеларен приказ на предвидени со реализирани приходи во Основниот Буџет во првиот квартал за 2013

| конто | Опис на приход | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.197.739,00 | 319.173,00 |
| 713 | Даноци на имот | 14.280.000,00 | 5.832.290,00 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 26.043.000,00 | 4.445.790,00 |
| 718 | Такси за користење или вршење на дејност | 2.907.000,00 | 3.550,00 |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0,00 | 0,00 |
| 722 | Такси и надоместоци | 1.150.000,00 | 91.110,00 |
| 723 | Административни такси и надоместоци | 2.391.000,00 | 360.517,00 |
| 724 | Други Владини услуги | 550.000,00 | 0,00 |
| 725 | Други неданочни приходи | 1.248.000,00 | 1.042.797,00 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 23.558.752,00 | 5.166.309,00 |
| 742 | Донации од странство | | 39.153,00 |
| 731 | Продажба на капитални средства | 2.700.000,00 | 0,00 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематријално вложување | 24.800.000,00 | 289.075,00 |
| | **Вкупно** | **100.825.491,00** | **17.589.764,00** |

**Бр. 0701 -439** **Претседател**

**16.05.2013 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период за квартал од 31.01.2013 година до 31.03. 2013 година**

Се објавува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период за квартал од 31.01.2013 година до 31.03. 2013 година бр. 0701 – 440, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

**Бр. 0801- 447/3** **Градоначалник,**
**16.05. 2013 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев *с.р.***

Образец К1

**Квартален извештај за извршувањето на буџетот за општина СВЕТИ НИКОЛЕ за извештајниот период (кумулативно) за квартал Први-оД 01.01.2013година до 31.03.2013година**

**Општина: СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Извештаен период : од 01.01.2013година до31.03.2013год**
(ден,месец,година)

**Датум на поднесување на извештајот:05.05.2013год**

*(во денари/*

| | Приходи - Квартал -ПРВ | Буџет за 2013 | | Наменска дотација за 2013 | | Самофинансирачки активности за 2013 | | Донации за 2013 година | | Кредити за 2013 година | | Вкупно за 2013 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | Останато нереализирано од 2013 |
| | **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС:** | | | | | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | 73.325.491 | 17.300.689,00 | 136.299.000 | 35.914.688,00 | 21.084.620 | 4.119.272,00 | 445.000 | 72.409 | 0 | 0 | 231.154.111 | 57.407.058 | 173.747.053 |
| | **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 64.305.851 | 13.450.303,00 | 136.229.000 | 33.855.842,00 | 20.584.620 | 3.856.650,00 | 445.000 | 72.409 | 0 | 0 | 221.564.471 | 51.235.204,00 | 170.329.267,00 |
| | **КАПИТАЛЕН БИЛАНС:** | | | | | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | 27.500.000 | 289.075,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.500.000 | 289.075,00 | 27.210.925,00 |
| | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 36.519.640 | 4.139.461,00 | 70.000 | 12.640,00 | 500.000 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.089.640 | 4.152.101,00 | 32.937.539,00 |
| 71 | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **44.427.739** | **10.600.803** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **44.427.739** | **10.600.803** | **33.826.936** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 1.197.739 | 319.173 | | | | | | | | | | | |
| 712 | Придонеси за социјално осигурување | | | | | | | | | | | | | |
| 713 | Даноци на имот | 14.280.000 | 5.832.290,00 | | | | | | | | | | | |
| 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | | | |
| 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | | | |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 26.043.000 | 4.445.790,00 | | | | | | | | | | | |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 2.907.000 | 3.550,00 | | | | | | | | | | | |
| 72 | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **5.339.000** | **1.494.424** | **0** | **0** | **21.084.620** | **3.903.527** | **0** | **0** | **0** | **0** | **26.423.620** | **5.397.951** | **21.025.669** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | | | | | 548.000 | 173.502 | | | | | | | |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.150.000 | 91.110 | | | | | | | | | | | |
| 723 | Такси и надоместоци | 2.391.000 | 360.517 | | | 20.364.620 | 3.728.656 | | | | | | | |
| 724 | Други Владини услуги | 550.000 | | | | | | | | | | | | |
| 725 | Други неданочни приходи | 1.248.000 | 1.042.797,00 | | 0 | 172.000 | 1.369 | | | | | | | |
| 74 | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **23.558.752** | **5.205.462,00** | **136.299.000** | **35.914.688** | **0** | **215.745,00** | **445.000** | **72.409** | **0** | **0** | **160.302.752** | **41.408.304** | **118.894.448** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 23.558.752 | 5.166.309,00 | 136.299.000 | 35.914.688,00 | | 215745 | 0 | | | | | | |
| 742 | Донации од странство | | 39153 | | | | | 425.000 | 72.409 | | | | | |
| 743 | Капитални донации | | | | | | | | 0 | | | | | |
| 744 | Тековни донации | | | | | | | 20000 | | | | | | |
| | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 73 | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **27.500.000** | **289.075,00** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.500.000** | **289.075,00** | **27.210.925,00** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 2.700.000 | | | | | | | | | | | | |
| | 732 | | | | | | | | | | | | | | |
| | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 24.800.000 | 289.075,00 | | | | | | | | | | | |
| | 734 | Приходи од дивиденди | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | **Расходи - Квартал -ПРВ** | Буџет за 2013 | | Наменска дотација за 2013 | | Самофинансирачки активности за 2013 | | Донации за 2013 година | | Кредити за 2013 година | | Вкупно за 2013 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | План | Реализација на прв квартал | Останато нереализирано од 2013 |
| 40 | | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **25.733.912** | **5.280.685** | **117.977.098** | **28.794.466** | **875.622** | **202.386** | **0** | **0** | **0** | **0** | **144.586.632** | **34.277.537** | **110.309.095** |
| | 401 | Основни плати | 17.117.861 | 3.559.642 | 86.055.820 | 20.986.280 | 639.202 | 147.742 | | | | | | | |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 5.534.304 | 1.306.080 | 31.921.278 | 7.808.186 | 236.420 | 54.644 | | | | | | | |
| | 403 | Останати придонеси од плати | | | | | | | | | | | | | |
| | 404 | Надоместоци | 3.081.747 | 414.963 | | | | | | | | | | | |
| 41 | | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | | | |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | | | | | | | | | | | | | |
| | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | | | | | | | | | | | | | |
| | 414 | Резерви за капитални расходи | | | | | | | | | | | | | |
| 42 | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **31.655.369** | **6.841.252** | **18.251.902** | **5.061.376** | **19.708.998** | **3.654.264** | **445.000** | **72.409** | **0** | **0** | **70.061.269** | **15.629.301** | **54.431.968** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 698.000 | 37.200 | 5.000 | 0 | 112.000 | | 150000 | | | | | | |
| | 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | 15.016.369 | 2.659.783 | 12.039.287 | 3.998.084,00 | 2.276.000 | 292.179 | | | | | | | |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 4.363.000 | 1.892.394 | 1.145.472 | 501.190 | 12.345.998 | 2.508.488,00 | | | | | | | |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 3.734.000 | 583.430 | 779.530 | 3.703 | 865.000 | 192.648,00 | | | | | | | |
| | 425 | Договорни услуги | 5.919.000 | 1.088.162 | 4.116.246 | 540.886 | 2.252.000 | 195.319,00 | 160.000 | 72.409 | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 1.925.000 | 580.283 | 166.367 | 17.513 | 1.858.000 | 465630 | 135000 | | | | | | |
| | 427 | Привремени вработувања | | | | | | | | | | | | | |
| 45 | | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | | | | | | | | | | | | | |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | | | | | | | | | |
| 46 | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **5.966.570** | **1.101.866,00** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.966.570** | **1.101.866** | **4.864.704** |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | | | | | | | | | | | | | |
| | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | | | |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 1.400.500 | 290.000 | | | | | | | | | | | |
| | 464 | Разни трансфери | 3.836.070 | 274.284,00 | | | | | | | | | | | |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | 730.000 | 537.582 | | | | | | | | | | | |
| 47 | | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **950.000** | **226.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **950.000** | **226.500** | **723.500** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 950.000 | 226.500 | | | | | 0 | | | | | | |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | | | |
| | 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | | | |
| 49 | | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | | | | | | | | | | | |
| | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | | | | | | | | | | | |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **36.519.640** | **4.139.461** | **70.000** | **12.640** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **37.089.640** | **4.152.101** | **32.937.539** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 2.734.000 | 170.643 | | | 350.000 | | | | | | | | |
| | 481 | Градежни објекти | 0 | | | | | | | | | | | | |
| | 482 | Други градежни објекти | 33.185.640 | 3.968.818 | 20.000 | 0 | | | 0 | 0 | | | | | |
| | 483 | Купување на мебел | 0 | | | | | | | | | | | | |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | | | |
| | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 600.000 | 0 | 50.000 | 12.640 | | | | | | | | | |
| | 486 | Купување на возила | | | | | 150.000 | | 0 | | | | | | |
| | 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | | | | | | | | | | | | | |
| | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | | | | | | | | | | | |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | | | | | | | | | |

Претседател на Совет на Општина Свети Николе

Бр.0701-440
16.05.2013

Илија Стоилев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за отпочнување постапка за изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за У.Е.3 плански опфат Урбан модул ул. “ Карпошева”, ул.″ Питу Гули ″, крак на ул. ″ Јане Сандански ″ и граница на градежен реон, Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за отпочнување постапка за изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за У.Е.3 плански опфат Урбан модул ул. “ Карпошева”, ул.″ Питу Гули ″, крак на ул. ″ Јане Сандански ″ и граница на градежен реон, Општина Свети Николе бр. 0701 – 441, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

**Бр. 0801- 447/4**
**16.05. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 2 и член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија “ бр.60/11 и бр.55/13), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.05.2013 година донесе

**Одлука**

**За отпочнување постапка за изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за У.Е.3 плански опфат Урбан модул ул. “ Карпошева”, ул.″ Питу Гули ″, крак на ул. ″ Јане Сандански ″ и граница на градежен реон , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за У.Е.3 плански опфат Урбан модул ул. “ Карпошева”, ул.″ Питу Гули ″, крак на ул. ″ Јане Сандански ″ и граница на градежен реон , општина Свети Николе

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0701 – 441**
**16.05. 2013 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на лесна и незагадувачка индустрија - производство на сточна храна м.в." Шамак " , КО Амзабегово - вон,**
**Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на лесна и незагадувачка индустрија - производство на сточна храна м.в." Шамак " , КО Амзабегово - вон,Општина Свети Николе бр. 0701 – 442, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

**Бр. 0801- 447/5** **Градоначалник,**
**16.05. 2013 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.60/2011 и бр.55/13 ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година донесе

**Одлука**
**За пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на лесна и незагадувачка индустрија - производство на сточна храна м.в." Шамак " , КО Амзабегово - вон,**
**Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на лесна и незагадувачка индустрија - производство на сточна храна м.в." Шамак " , КО Амзабегово - вон, Општина Свети Николе

**Член 2**

Изработката на планот ќе започне по добивање на услови за планирање на просторот од Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701 – 442** **Совет на Општина Свети Николе**
**16.05. 2013 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за дополнување на Програмата за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2013 година**

Се објавува Одлука за дополнување на Програмата за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2013 година бр. 0701 – 443, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

| | |
|---|---|
| **Бр. 0801- 447/6** | **Градоначалник,** |
| **16.05. 2013 год.** | **на Општина Свети Николе** |
| **Свети Николе** | **Зоран Тасев *с.р.*** |

Врз основа на член 17 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.60/11 и бр.55/13), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За дополнување на Програмата**
**за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2013 година**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за дополнување на Програмата за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2013 година :

1. Изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на лесна и незагадувачка индустрија – производство на сточна храна м.в. "Шамак" , КО Амзабегово – вон, Општина Свети Николе ;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

| | |
|---|---|
| **Бр. 0701 – 443** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **16.05. 2013 година** | **Претседател,** |
| **Свети Николе** | **Илија Стоилев с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за купување на земјиште за проширување и уредување на гробиштата во Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за купување на земјиште за проширување и уредување на гробиштата во Општина Свети Николе бр. 0701 – 444, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

**Бр. 0801- 447/7**
**16.05. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа, како и член 37 став 1 точка 4 од Законот за гробишта и погребални услуги, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за проширување на гробишта**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува начинот на проширување на постојните гробишта како објекти на основната комунална инфраструктура.

**Член 2**

Постојните гробишта ќе се прошират со откупување на градежно неизградено или земјоделско земјиште кое граничи со локалитетот на постојните гробишта и истото ќе се користи согласно со уредбите на Законот за гробишта и погребални услуги.

**Член 3**

Се дава согласност на Градоначалникот на Општина Свети Николе да може да склучува договори за купопродажба на земјиште со намена за гробишта по пазарни цени кои што ќе важат во моментот на склучување на договорот.

**Член 4**

Средствата за купување на земјиште ќе се обезбедат од буџетот на Општина Свети Николе.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во” Службен гласник на Општина Свети Николе”

**Бр. 0701 – 444**
**16.05. 2013 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште во Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште во Општина Свети Николе бр. 0701 – 445, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

**Бр. 0801- 447/8**
**16.05. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник" бр. 5/02), и врз основа на Методологијата за утвдување на пазарната вредност на недвижен имот на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ"бр.50/2005 и 183/2011), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 16.05. 2013 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште во Општина Свети Николе**

**Член 1**

За утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште во Општина Св.Николе се поаѓа од следните појдовни основи односно елементи:

1.Економската моќ на земјоделското земјиште (бонитет и катастарска класа на земјоделското земјиште).

2.Природна положба на земјоделското земјиште (во систем или вон систем за наводнување, во непосредна близина на градежен реон, на комуникација-пат и сл.)

3.Можност за пренамена на земјоделско земјиште.

4.Подигнати долгогодишни насади на земјоделско земјиште (лозови насади, овоштарници и сл.).

Според наведените појдовни основи, односно елементи, за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште во Општина Св.Николе се утврдуваат 3 (три) подрачја –ЗОНИ.

## ПРВА ЗОНА

Во првата зона се опфаќа земјоделското земјиште кое се наоѓа во непосредна близина на градежниот реон на град Св.Николе на оддалеченост до 300 метри, односно ако се врши пренос на идеален дел од земјоделско земјиште на оддалеченост до 500 метри од градежниот реон.

Пазарната вредност на земјоделско земјиште во првата зона се утврдува на 120,00 денари х 1м2.

## ВТОРА ЗОНА

Втората зона ги опфаќа следните катастарски општини, односно населени места: Свети Николе, без земјоделското земјиште опфатено во првата зона, Пеширово, Амзабегово, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Горно и Долно Црнилиште, Горобинци, Мездра, Орел, Долно Ѓуѓанци , Немањици, Кнежје и Делисинци.

Во оваа зона пазарната цена на земјоделското земјиште се утврдува, во зависност дали се наоѓа во систем или вон систем за наводнување.

За земјоделско земјиште во систем за наводнување се утврдува следната цена по 1м2.

| | | |
|---|---|---|
| 1.прва класа | - | 50,00 денари |
| 2.втора класа | - | 40,00 денари |
| 3.трета класа | - | 30,00 денари |
| 4.четврта класа | - | 25,00 денари |
| 5.петта класа | - | 20,00 денари |
| 6.шеста класа | - | 10,00 денари |

За земјоделско земјиште вон систем за наводнување се утврдува следната цена по 1 м2.

| | | |
|---|---|---|
| 1.прва класа | - | 30,00 денари |
| 2.втора класа | - | 25,00 денари |
| 3.трета класа | - | 20,00 денари |
| 4.четврта класа | - | 15,00 денари |
| 5.петта класа | - | 10,00 денари |
| 6.шеста класа | - | 8,00 денари |
| 7.седма класа | - | 5,00 денари |

## ТРЕТА ЗОНА

Третата зона ги опфаќа следните катастарски општини, односно населени места во Општина Св.Николе кои се наоѓаат во ридско планинскиот реон: Трстеник, Сопот, Преод, Крушица, Малино, Алакинци, Стањевци, Павлешенци, Горно Ѓуѓанци, Строиманци, Макреш, Патетино, Мечкуевци, Ранченци, Арбасанци, Стануловци, Бориловци, Богословец, како и подрачјата северно од селата Немањици, Орел, Долно Ѓуѓанци и Горобинци.

За земјоделското земјиште во третата зона се утврдува следната цена по 1м2.

| | | |
|---|---|---|
| 1.прва класа | - | 25,00 денари |
| 2.втора класа | - | 20,00 денари |
| 3.трета класа | - | 15,00 денари |
| 4.четврта класа | - | 8,00 денари |
| 5.петта класа | - | 5,00 денари |
| 6.шеста класа | - | 3,00 денари |
| 7.седма класа | - | 2,00 денари |

**Член 2**

Пазарната цена на земјоделското земјиште на кои се подигнати долгогодишни насади се зголемува за 50%.

**Член 3**

Со оваа Одлука се става вон сила Одлуката за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште во Општина Св.Николе бр.0202-719 од 03.08.2005 год. донесена од Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Св.Николе.

**Бр. 0701 – 445**
**16.05. 2013 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставници од Општина Свети Николе за членови во органите на управување на Јавните претпријатија и Јавните установи во Општина Свети Николе**

Се објавува Решение за разрешување и именување претставници од Општина Свети Николе за членови во органите на управување на Јавните претпријатија и Јавните установи во Општина Свети Николе бр. 0701 – 446, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.05. 2013 година.

**Бр. 0801- 447/9**
**16.05. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 16.05. 2013 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставници од Општина Свети Николе за членови во органите на управување на Јавните претпријатија и Јавните установи во Општина Свети Николе**

1. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на СОУ “Кочо Рацин” Свети Николе се разрешува Маја Стојилковска, за нов член се именува Адријана Ордева;

2. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Управниот одбор на УО “Народен Музеј” Свети Николе се разрешува Александар Арсов, за нов член се именува Александар Давчев;

3. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на ООУ “Кирил и Методиј” Свети Николе се разрешува Мирче Јосев, за нов член се именува Слаѓана Димова;

4.Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Управниот одбор на ЈОУД ДГ “Рахилка Гонева” Свети Николе се разрешува Лилјана Митрушева, за нов член се именува Василка Атанасова;

5. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на ООУ “Гоце Делчев” Свети Николе се разрешува Светлана Станојкова - Гацовска, за нов член се именува Гоце Тасев;

6. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Управниот одбор на ЈП “Погребални услуги” Свети Николе се разрешува Валентина Ѓоргиева, за нов член се именува Маринела Ристова;

7. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Надзорниот одбор на ЈП “Погребални услуги” Свети Николе се разрешува Јадранка Димитриева, за нов член се именува Дејан Јовев, се разрешува Оливера Арсов се именува Татјана Јаневска, се разрешува Љупка Јорданова-Андова се именува Стојна Трајчева;

8. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Управниот одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе се разрешува Фрањо Шкорвага, за нов член се именува Зоран Арсевски, се разрешува Сашо Наќев се именува Саше Доневски;

9. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Надзорниот одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе се разрешува Соња Трајкова, за нов член се именува Јасмина Митевска, се разрешува Гоце Трајчев се именува Делчо Динев;

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701 -446**
**16.05.2013 година**
**Свети Николе**

**Претседател**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**


1.Одлука за измена и дополнување на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.

2.Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2013 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.

3.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период за квартал од 31.01.2013 година до 31.03. 2013 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. .стр.

4. Одлука за отпочнување постапка за изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за У.Е.3 плански опфат Урбан модул ул. “ Карпошева”, ул.″ Питу Гули ″, крак на ул. ″ Јане Сандански ″ и граница на градежен реон, Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . стр.

5.Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на лесна и незагадувачка индустрија - производство на сточна храна м.в.” Шамак “ , КО Амзабегово - вон,Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.

6.Одлука за дополнување на Програмата за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2013 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.

7.Одлука за купување на земјиште за проширување и уредување на гробиштата во Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.

8.Одлука за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште во Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.

9.Решение за разрешување и именување претставници од Општина Свети Николе за членови во органите на управување на Јавните претпријатија и Јавните установи во Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.


**Бр. 0701 -448**
**16.05.2013 година**
**Свети Николе**